СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Здружение на текстилната индустрија и конфекција

Здружение на текстилната индустрија и конфекција на состанокот одржан на 02.12.2007 година заклучи да до Министерството за финансии ги достави следните

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ
за надминување на тековните проблеми на текстилната индустрија

Состојбите во текстиланата индустрија укажуваат дека проблемите кои се пречки за консолидација на секторот по однос на правната регулатива и нејзината имплементација, главно се во следните области:

- Недостиг на политика за поттикнување на трудо интензивните дејности, во кои спаѓаат и кожарско преработувачката и текстилната индустрија;
-Високи фискални и социјални давачки при исплата на плати;
-Нелојалната конкуренција се јавува при увозот на стоки без царина за домашниот пазар по дампинг цени, шверцот на текстилни производи и нивна продажба на зелените пазари од нерегистрирани субјекти

Врз основа на претходно наведенто, неопходни се следните промени во доменот на подобрување на деловното окружување

-Остварување на политиката на рамномерен регионален развој и водење на политика за поттикнување на трудоинтензивните дејности, во кои спаѓа и кожарско-преработувачката и текстилната индустрија, со оглед дека Република Македонија сеушта располага со релативно обемна работна сила која не е вработена и која бара вработување.

- Приоритетно третирање на кожарската и текстилната индустрија како извозна гранка и пружање на системска помош во насока на експанзија на извозот (поедноставување на административните формалности при извозот и др.)
Во овој контекст се налага императивот од воведување на интегрирано гранично управување и на едношалтерски систем, со цел забрзување на протокот на стоките и услугите;

- Систем на исплата бруто плата по вработените;

- сведување на висината и на постапката за добивање на банкарска гаранција на подносливо ниво, слично на практиката во некои соседни земји, а за фирми кои ангажираат најмалку 80% од своите капацитети за лон доработки и кои во период од најмалку 2 години не сториле прекршок во поглед на испораката на облагородената стока нејзино целосно укинување.

- преземање сериозни мерки за сузбивање на сивата економија. Подоследна примена на прописите за поседување на атести и исполнување на други критерими што ги примнува ЕУ сврзани со квалитетот на увозот на стоки,